**З А П И С Н И К**
**од Триесет и шестата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 7.11.2017 година**

**Скопје, ноември 2017 година**

**З А П И С Н И К**
**од Триесет и шестата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 7.11.2017 година**

Седницата започна во 13:00 часот.

На седницата претседаваше Претседателот на Владата, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменикот на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата, задолшен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата Билен Саљији, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Рената Дескоска, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и д-р Ширете Елези, заменик на министерот за финансии, д-р Гоце Чакаровски, заменик на министерот за здравство, д-р Елми Азири, заменик на министерот за труд и социјална политика и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, како и Виктор Димовски, државен секретар во Министерството за надворешни работи.
На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Мухамед Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работ, м-р Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа, претставник од ЈП Македонски железници Инфраструктура (вкв), Зоран Ѓорѓиев, директор на ЈП Македонски шуми - Скопје, претставник од АД ЕЛЕМ - Скопје (вкв), Кирил Петров, директор на Државен архив на Република Македонија, Митко Митревски, претставник од Јавното обвинителство на Република Македонија, Хасип Хусеини, заменик на директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (вкв), Јовица Стојановиќ, директор на Управата за извршување санкции, Сања Лукаревска, директор на Управата за јавни приходи и Методија Граматковски, директор на ЈП Стрежево - Битола.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата на Република Македонија, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација и Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

-Усвојување на Записникот од 30-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 3.10.2017 година

-Усвојување на Записникот од 32-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 19.10.2017 година

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија

2. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници - Скопје

3. Информација за спроведување на пошумувањето на површините предвидени за акцијата „Ден на дрвото - засади ја својата иднина“, за есенскиот дел во 2017 година, со динамика и Акциски план за реализација на истата, со прилозите

4. Информација за оправданоста на понатамошни испитувања на локалитетите Лавци, Звегор - Стамер и Стар Истевник - Панчерево

5. Барање за доделување на патнички моторни возила и комбе

6. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на вршење на официјалните контроли на производите од животинско потекло наменети за исхрана на луѓето, со Предлог-одлука

7. Информација за надомест на директни загуби во говедарството за угинати животни заради болеста на чвореста кожа

8. Информација со барање за донесување на одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Државниот архив на Република Македонија, со Предлог-одлука

9. Предлог-одлука за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 2 и за висината на закупнината и Предлог-одлука за давање на согласност на најновиот текст на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштво за производство, трговија и услуги „Мурат виринг системс Македонија“ ДОО Скопје, како закупопримач

10. Информација за донесување на Тарифник за изменување на Тарифникот за висината на надоместоците за поднесено барање за добивање согласност и за дадено стручно мислење, со Предлог-тарифник

11. Информација за напредокот на проектот „Реконструкција на казнено - поправните установи во Република Македонија“

12. Информација за изградба на Притворско одделение со придружни објекти и судница во Казнено - поправната установа „Идризово“, Општина Гази Баба

**б) економски систем и тековна економска политика**

13. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2017 година

14. Информација за текот на преговори за пристапување кон Спогодбата на Светската трговска организација за јавни набавки, со Предлог-текст на иницијална Понуда

15. Предлог-одлука за укинување на увозната давачка - царинската стапка за електрични акумулатори литиум-јонски

16. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини 1/2017 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 110/2017), со Извештај од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавен повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини 1/2017, објавен во Службен весник на Република Македонија бр.110/2017 и Предлог-одлуки

17. Информација во врска со донесување на Програма за изменување на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2017 година, со Предлог-програма

18. Информација во врска со донесување на програма за изменување на Програмата за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални

колекторски системи во домаќинствата и за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени ПВЦ или алуминиумски прозорци во домаќинствата за 2017 година, со Предлог-програма

19. Информација за потреба од доставување на апликација за обезбедување на техничка помош грант средства од Акцискиот програм CONNECTA за проект: Изградба на заеднички железнички граничен премин со придружни содржини „Табановце“ помеѓу Република Македонија и Република Србија, за изработка на техничка документација за пристапен пат меѓу патниот и железничкиот премин

20. Информација за напредокот во спроведување на ЕУ-ИПА проектот „Изградба на пречистителна станица за отпадни води Прилеп“.

21. Информација за склучување на Меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Македонија и Швајцарија во врска со Програмата за одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој

**в) политички систем**

22. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за административни службеници

23. Информација за Втор циклус на студии на Воената Академија „Генерал Михаило Апостолски“

24. Информација за работата на Мешовитата македонско - баварска меѓувладина комисија

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) економски систем и тековна економска политика**

25. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за локална самоуправа

26. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за образование и наука

27. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Државната изборна комисија
28. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за труд и социјална политика

29. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2017 година

30. Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство, трговија и услуги „МХИ Тополки“ ДООЕЛ Скопје

**б) политички систем**

31. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Совет за соработка помеѓу Владата на Република Македонија и граѓанскиот сектор

32. Предлог-решение за изменување на Решението за именување на претседател, членови и секретар на Комисијата за гранични премини на Република Македонија со Република Албанија, Република Бугарија, Република Грција, Република Косово и Република Србија

33. Предлог-решение за именување претседател, национално контакт лице, членови и секретар на Националната комисија за мало и лесно оружје

**в) човечки ресурски и одржлив развој**

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Македонија**

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

34. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Кочани до Уставниот суд на Република Македонија за поведување на постапка за оценување на уставноста на дел од член 198-а став 2 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 187/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015, 192/2015 и 39/2016)

35. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Кочани до Уставниот суд на Република Македонија за поведување на постапка за оценување на уставноста на делот „финансиски извештаи“ од член 29 став 1 точка 2, член 31 став 2 точка 1 и член 50 став 2 и 4, како и делот „финансиската состојба и работењето“ од членот 50 став 2 точка 4 од Законот за вонсудско спогодување („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2014)

36. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Кочани, до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.79/2017, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 27 став 2 точка 2, член 49 став 2 точка 1 и член 50 ставови 1 и 2 точка 1 алинеја 1 од Законот за вонсудско спогодување („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/2014)

37. Иницијатива од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У. бр. 78/17, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 43 во делот „Државната“ од Законот за Државен пазарен инспекторат („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/2007, 81/2007, 36/2011, 18/2013, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 61/2015, 152/2015 и 53/2016)

38. Иницијатива поднесена од Здружението за посредување во медијација и медијатори, МЕДИЈАТОР РС - Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.85/2017, за поведување на постапка за оценување на уставноста на членовите: 46, 47, 48, 49, 50, 51, 54, 55 и 56 од Законот за медијација („Службен весник на Република Македонија“ бр.188/2013, 148/2015, 192/2015 и 55/2016).

39. Иницијатива доставена до Уставниот суд на Република Македонија за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 34 од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.196/2015), поднесена од адвокат Бојан Лалиќ од Скопје

40. Понуда за продажба на идеален дел од недвижен имот запишан во Имотен лист бр.94495 за КО Ѓорче Петров 3-Дексион, КП бр.3836/2 (зпз 1), КП бр.3836/2 (н), КП бр. 3837/2 и КП бр.3837/3 и Имотен лист бр.95349 за КО Ѓорче Петров 3-Дексион, КП бр.3836/3 и КП бр. 3837/4, доставена од нотар Махир Зибери од Скопје

41. Понуда од нотар Николче Павловски од Скопје за продажба на недвижен имот со имотен лист бр.7066 за КО Ресен на КП бр.3583

42. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.5602 за КО Бутел на КП бр.4533/2

43. Известување од извршител Снежана Андреевска за Заклучок за прва усна јавна продажба на недвижност со И.бр. 1553/14 од 29.06.2017 година, идеален дел запишан во Имотен лист бр.391 за КО Карпош, КП 2085

44. Записник за продажба на недвижност со усно јавно наддавање (врз основа на член 186 став (4) од Законот за извршување) под И.бр.1093/14 од 13.09.2017 година и Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување) под И.бр. 1093/14 од 19.9.2017 година, доставена од извршител Крум Коцарев

**д) други предлози**

45. Кадровски прашања

46. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

47. Информација за одржаниот тринаесетти состанок на Советот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската Унија, Брисел, 18 јули 2017 година

48. Извештај за реализација на Програмата за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката за период 2013-2017 година, за 2016 година

49. Информација за ИПА повеќе-корисничката програма за 2017 година

50. Информација за прогресот на активностите во реализацијата на проектот „Е-аукции - продажба на запленета стока за наплата на даночни долгови во првото полугодие на 2017 година“

51. Извештај за финансиското работење на ЈП „Стрежево“ - Битола, во периодот од 01.01.2017 до 31.03.2017 година

52. Извештај за финансиското работење на ЈП „Стрежево“ Битола, во периодот од 01.04.2017 до 30.06.2017 година

53. Извештај за материјално - финансиското работење на ЈП за водоснабдување Студенчица - Кичево за вториот квартал во 2017 година, согласно член 5 став 3 од Законот за јавните претпријатија, со дополнувањето кон него

54. Информација за прогресот на преземените активности во спроведувањето на Акцискиот план по Извештајот на независниот ревизор за 2015 година на ЈП „Македонски шуми” п.о. - Скопје

55. Финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ - Скопје за период од 01.04.2017 година до 30.06.2017 година

56. Финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ - Скопје за период од 01.01.2017 година до 31.03.2017 година

57. Шестмесечен извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот јануари-јуни 2017 година

58. Извештај за работата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за периодот од 01.01.2017 година до 30.06.2017 година

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

59. Информација во врска со одржување Собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажано за 10.11.2017 година

**60.** Информација во врска со донесување на Програма за изменување на Програма за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи, со Предлог-програма

**61.** Информација за потребата од предвидување на средства во Буџетот на Јавно претпријатие за државни патишта за завршување на Договорот за градба број 12-1734/1 од 14.03.2017 година „Рехабилитација на државен пат А1, секција Миладиновци - Куманово (лев коловоз), како дел од Коридор 10“

**62.** Предлог-одлука за давање согласност за отстапување на одземени предмети (моторни возила) со правосилни пресуди/одлуки на државни органи и Предлог-одлуки за престанување на важењето на одлуките за давање согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети со правосилни пресуди на државни органи

**63.** Информација за изнаоѓање решение за надминување на проблемите со финансиските средства во Друштвото за производство на производи со посебна намена 11 Октомври - Еурокомпозит АД Прилеп

*

*   *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 30-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 03.10.2017 година и 32-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 19.10.2017 година.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија, во предложениот текст.

**Точка 2**

Владата заклучи Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници - Скопје да се разгледа по завршувањето на изборниот процес.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на пошумувањето на површините предвидени за акцијата „Ден на дрвото - засади ја својата иднина“ за есенскиот дел во

2017 година, со динамика и Акциски план за реализација на истата, со прилозите (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува ЈП за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми“ - Скопје во рок од 30 дена врз основа на стручна анализа да подготви и до Владата да достави информација за вкупно потрошени финансиски средства за спроведување на Акцијата „Ден на дрвото-засади ја својата иднина“ (од почетокот до сега), со резултатите и ефектот од реализацијата на Акцијата (податоци за тоа колку од посадените садници преживеале).

2. Владата констатира дека не е целисходен понатамошниот начин на спроведување на Акцијата „Ден на дрвото-засади ја својата иднина“, ја прекинува Акцијата и заклучи идните активности за пошумување да се реализираат преку Програмата за проширена репродукција на шумите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за оправданоста на понатамошни испитувања на локалитетите Лавци, Звегор - Стамер и Стар Истевник - Панчерево и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се укажува на АД ЕЛЕМ - Скопје, најдоцна до 30 дена да ги прекине сите понатамошни активности за изведување на истраги и подготовка на студии и проекти за потенцијалните наоѓалишта на лигнит Лавци, Звегор - Стамер и Стар Истевник - Панчерево.

2. Се укажува на АД ЕЛЕМ - Скопје, во рок од 120 дена од истекот на концесиите за детални геолошки истражувања до Министерството за економија да достави ревидирани елаборати заедно со Ревизиска клаузула.

**Точка 5**

Владата го разгледа Барањето за доделување на патнички моторни возила и комбе, го прифати Барањето и притоа заклучи:

1. Се задолжуваат Агенцијата за управување со одземен имот и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија да достават информација до Владата за возилата кои можат да бидат доделени на користење на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во рок од 15 дена.

2. Се задолжуваат Агенцијата за управување со одземен имот и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија да одржат работен состанок на кој ќе се разгледа можноста од изнаоѓање на конечно и трајно решение за префрлање на одземените возила со правосилна пресуда/одлука со кои располага Агенцијата за управување со одземен имот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија со цел олеснување на процедурата за нивно користење од страна на државните органи и согласно исходот од овој состанок до Владата да доставаат соодветен предлог.

## Точка 6

Владата по Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на вршење на официјалните контроли на производите од животинско потекло наменети за исхрана на луѓето, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на вршење на официјалните контроли на производите од животинско потекло наменети за исхрана на луѓето, во предложениот текст.

## Точка 7

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за надомест на директни загуби во говедарството за угинати животни заради болеста „чвореста кожа“ и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во соработка со Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој и Агенцијата за храна и ветеринарство да пристапи кон изменување во Уредбата за начинот на утврдувањето на неповолниот климатски настан, настанатата штета, пресметувањето на загубата на приходот, пресметката на штетата, постапката за исплатата на помошта, во насока на воведување на исклучоци за исплата на надомест на штета за животни угинати заради особено опасна болест, врз основа на податоци доставени од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство и истата во рок од пет дена од усвојувањето на оваа информација да ја достави до Владата.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во соработка со Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој и Агенцијата за храна и ветеринарство, да пристапи кон изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2017 година, во насока на давање на помош за загуби предизвикани од неповолни климатски влијанија, односно загуби настанати од угинување на животни предизвикани од болеста „чвореста кожа“ и истата во рок од пет дена од усвојувањето на оваа информација да ја достави до Владата.

3. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој да достави целокупна документација (барање од одгледувач, записник од официјален ветеринар, проценка на штета и друго) за субјекти за исплата на надомест на штета, најдоцна во рок од пет дена од денот на влегувањето во сила на Уредбата за изменување на Уредбата за начинот на утврдувањето на неповолниот климатски настан, настанатата штета, пресметувањето на загубата на приходот, пресметката на штетата, постапката за исплатата на помошта.

## Точка 8

Владата во врска со Информацијата со барање за донесување на одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Државниот архив на Република Македонија, со Предлог-одлука заклучи:

- Се задолжува Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции да ги координира засегнатите три институции (Државниот архив на Република

Македонија, Институтот за национална историја и Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција), како и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје како државна институција која има канцелариски простор на оваа локација, со цел надминување на проблемот со канцеларискиот простор на истите, како и депото на Државниот архив на Република Македонија и во рок од две недели за ова да достави соодветен предлог до Владата.

**Точка 9**

Владата ги разгледа Предлог-одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 2 и за висината на закупнината и Предлог-одлуката за давање на согласност на најновиот текст на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштво за производство, трговија и услуги „Мурат виринг системс Македонија“ ДОО Скопје, како закупопримач и притоа заклучи:

- се задолжува заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, на 08.11.2017 година (среда) да одржи работна средба со директорот и претставници од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, на која ќе се разгледа Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштвото за производство, трговија и услуги „Мурат виринг системс Македонија“ ДОО Скопје, како и за определувањето на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 2 и за висината на закупнината, врз основа на детален преглед подготвен од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за сите компании, за колкав надомест и за колку години го имаат закупот, под исти услови како што се за Друштвото за производство, трговија и услуги „Мурат виринг системс Македонија“ ДОО Скопје, како закупопримач, со цел да се усогласат и за наредната седница на Владата да достават соодветни предлог-одлуки.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Тарифник за изменување на Тарифникот за висината на надоместоците за поднесено барање за добивање согласност и за дадено стручно мислење и врз основа на мислењето на Министерството за финансии, ја усвои Информацијата и го донесе Тарифникот за изменување на Тарифникот за висината на надоместоците за поднесено барање за добивање согласност и за дадено стручно мислење (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот на проектот „Реконструкција на казнено - поправните установи во Република Македонија“ и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Владата дава одобрение на Министерството за правда - Управа за извршување на санкции за промена на динамиката на реализација од склучените договори, за изградба на објектите од првата фаза на градба во КПД Идризово со изведувачот „Хемкостав“ А.С Михаловце, Република Словачка, преку „Хемкостав“ АД Подружница Скопје, како и со ГИ „Македонија“ АД Скопје за вршење на стручен надзор.

2. Се задолжува Министерството за правда - Управа за извршување на санкции да подготви и до крајот на јуни 2018 година до Владата да достави информација за напредокот на проектот „Реконструкција на казнено - поправните установи во Република Македонија.

**Точка 12**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за изградба на Притворско одделение со придружни објекти и судница во Казнено - поправната установа „Идризово“, Општина Гази Баба и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за правда - Управа за извршување на санкциите да достави официјално барање до Банката за развој на Советот на Европа за промена на локацијата за Притворско одделение, наместо да се изгради во првично предвидената Казнено - поправна установа Затвор „Скопје“ да се изгради во КПД „Идризово“.

По добивање на одобрување за промена на локација за изградба на Притворското одделение од страна на Банката за развој на Совет на Европа, Управата за извршување на санкциите при Министерство за правда да достави барање до Министерство за транспорт и врски да ја дополнат Годишната програма за 2017 година за изработка на урбанистички планови и урбанистичко плански документации, со изработка на Урбанистичко планска документација за Казнено-поправната установа „Идризово“ општина Гази Баба, согласно важечката законска регулатива во Република Македонија.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, Годишната програма за 2017 година за изработка на урбанистички планови и урбанистичко плански документации, да ја дополни со изработка на Урбанистичко планска документација за Казнено - поправната установа „Идризово“, општина Гази Баба, согласно важечката законска регулатива во Република Македонија.

**Точка 13**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2017 година, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за текот на преговори за пристапување кон Спогодбата на Светската трговска организација за јавни набавки, со Предлог-текст на иницијална Понуда и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија, најдоцна во рок од пет дена по усвојување на Информацијата, преку Министерството за надворешни работи да ја достави иницијалната Понуда до Европската комисија за консултација.

2. Се задолжува Работната група преку Министерството за економија и Министерството за надворешни работи, да ја достави финалната иницијална Понуда до Светската трговска организација - Комитетот за јавни набавки, најдоцна еден месец пред одржување на првата седница на Светската трговска организација - Комитет за јавни набавки во 2018 година.

3. Се задолжува Министерството за економија, најдоцна до 31.03.2018 година да достави информација до Владата за текот на преговорите за пристапување кон Спогодбата на Светската трговска организација за јавни набавки.

**Точка 15**

Владата условно ја донесе Одлуката за укинување на увозната давачка - царинската стапка за електрични акумулатори литиум-јонски, поради потребата да се усогласат Министерството за економија со Министерството за финансии.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини 1/2017 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 110/2017) со Извештај од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавен повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини 1/2017, објавен во Службен весник на Република Македонија бр.110/2017 и Предлог-одлуки (нов текст) и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини 1/2017 („Службен весник на Република Македонија“ бр.110/2017).

2. Го разгледа Извештајот од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавен повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини 1/2017, објавен во Службен весник на Република Македонија бр.110/2017.

3. Ја донесе Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина - глина на Друштвото за градежништво, услуги и трговија Актив Констракшн ДОО Скопје на локалитетот „Пара Нива“, Општина Велес, во предложениот текст.

4. Ја донесе Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина - кварц на Друштвото за производство, трговија и транспорт Миса-МГ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје на локалитетот „Орловац“, с.Клечевце и с.Зубовце, Општина Куманово со заклучок Министерството за економија да изврши номотехничко усогласување на текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

5. Ја донесе Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина - фелдспат на Акционерско друштво за неметали „Ограждеn АД Струмица“ на локалитетот „Дрвош“, Општина Босилово, во предложениот текст.

6. Ја донесе Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина - метални минерални суровини по Јавен повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања со заклучок Министерството за економија да изврши номотехничко усогласување на текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за економија да ги преземе сите мерки со кои ќе се гарантира дека компаниите кои добиваат концесија ќе ги исполнат сите законски обврски кон државата во однос на враќање на теренот во претходна состојба по завршувањето на концесијата.

**Точка 17**

Владата по Информацијата во врска со донесување на Програма за изменување на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2017 година, со Предлог-програма, заклучи:

1. Се задолжува Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави соодветна одлука за прераспределба на средства во рамки на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2017 година, согласно член 33 став (4) од Законот за буџетите.

Одлуката се смета за донесена на оваа седница на Владата.

2. Предметниот материјал да се разгледа на наредната седница на Владата, откако претходно текстот на Предлог-програмата ќе се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 18**

Владата по Информацијата во врска со донесување на програма за изменување на Програмата за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинствата и за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени ПВЦ или алуминиумски прозорци во домаќинствата за 2017 година, со Предлог-програма, заклучи:

1. Се задолжува Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави соодветна одлука за прераспределба на средства во рамки на Програмата за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинствата и за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени ПВЦ или алуминиумски прозорци во домаќинствата за 2017 година, согласно член 33 став (4) од Законот за буџетите.

Одлуката се смета за донесена на оваа седница на Владата.

2. Предметниот материјал да се разгледа на наредната седница на Владата, откако претходно текстот на Предлог-програмата ќе се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 19**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потреба од доставување на апликација за обезбедување на техничка помош грант средства од Акцискиот програм CONNECTA за проект: Изградба на заеднички железнички граничен премин со придружни содржини „Табановце“ помеѓу Република Македонија и Република Србија, за изработка на техничка документација за пристапен пат меѓу патниот и железничкиот премин и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ја достави апликацијата за обезбедување на техничка помош грант средства за изработка на техничка документација за пристапен пат меѓу патниот и железничкиот премин за проектот: Изградба на заеднички железнички граничен премин со придружни содржини „Табановце“ помеѓу Република Македонија и Република Србија, до д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања и национален ИПА координатор (НИПАК), по добивање на позитивно мислење од Министерството за финансии, најдоцна до 10.11.2017 година.

2. Се задолжува д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања и национален ИПА координатор (НИПАК) да ја достави апликацијата до Генералниот директорат за преговори за соседството и проширување DG NEAR, најдоцна до 20.11.2017 година.

3. Се укажува на ЈП МЖ Инфраструктура-Скопје, во врска со изработката на основните проекти за заедничкиот железнички граничен премин со придружни содржини „Табановце“, да ги издаде техничките услови за изработка на техничката документација заедно со Ревизијата на изработеното техничко решение, како и за надзорот при извршување на работните активности во заштитниот појас на пругата, без надоместок.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот во спроведување на ЕУ-ИПА проектот „Изградба на пречистителна станица за отпадни води Прилеп“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии-Сектор за финансирање и склучување на договори, со Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со надзорот и изведувачот, да подготви амандман на договорот за градежни работи „Изградба на пречистителна станица за отпадни води во Прилеп“, со кој ќе се продолжи рокот за изведба до крајот на мај 2018 година, со една година гарантен период, при што тестирањето да биде вклучено во гарантниот период, плаќањето на одделната опрема да биде 80% при доставување на опремата и 20% при пуштање во употреба, како и намалување на прагот на плаќање на времените ситуации на 200.000,00 евра.

2. Се задолжува Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување на договори, амандманот на Договорот за „Изградба на пречистителна станица за отпадни води во Прилеп“ да го достави на одобрување до Делегацијата на Европска Унија во рок од десет дена, по добивање на сите неопходни документи потребни за подготовка на амандманот од страна на изведувачот, надзорот и Министерството за животна средина и просторно планирање.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да овозможи барателот (имплементаторот) на проектот „Изградба на пречистителна станица во Прилеп“ да ја достави потребната документација до Министерството за финансии, со цел да се издаде потврда за ослободувањето од плаќање на увозни давачки и данок на додадена вредност за увоз на добра - стоки, како и акцизно ослободување на минерални масла и патнички автомобили при нивниот увоз, во најкус можен рок.

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ја информира Владата за напредокот во реализацијата на проектот „Изградба на пречистителна станица за отпадни води во Прилеп“ во третата недела на јануари 2018 година.

**Точка 21**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за склучување на Меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Македонија и Швајцарија во врска со Програмата за одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој, со усогласен текст на Меморандум и прилози и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот помеѓу Владата на Република Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и Министерството за локална самоуправа и Швајцарија, претставувана од Амбасадата на Швајцарија во Република Македонија/Швајцарската агенција за соработка и развој во врска со Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој.

2. Се овластува д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, во ноември 2017 година, да го потпишат Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Македонија и Швајцарија во врска со Програмата за одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој.

3. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, во соработка со Министерството за локална самоуправа за прогресот на активностите од Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Македонија и Швајцарија во врска со Програмата за одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој, да ја информира Владата, на семестрална основа, до крајот на 2020 година.

## Точка 22

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници и го утврди со следниве заклучоци:

1. Во текстот на Предлог-законот, во член 30, во став 2, наместо „член 24“ да стои „член 23“ и наместо „член 25“ да стои „член 24“.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, а за повереници Јахи Јахија, државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација и Билјана Николовска Жагар, државен советник во Министерството за информатичко општество и администрација.

## Точка 23

Владата на предлог на м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменик на претседателот на Владата и министер за одбрана го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за Втор циклус на студии на Воената Академија „Генерал Михаило Апостолски.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Мешовитата македонско - баварска меѓувладина комисија и ја усвои со следниве најнови заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за правда, Министерството за локална самоуправа, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за информатичко општество и администрација и Секретаријатот за европски прашања, да именуваат членови за работа во Мешовитата македонско - баварска меѓувладина комисија и истите да ги достават до Министерството за надворешни работи најдоцна до 16 ноември 2017 година.

2. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за правда, Министерството за локална самоуправа, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за информатичко општество и администрација и Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 16 ноември 2017 година до Министерството за надворешни работи, да достават иницијативи и предлози за заеднички проекти кои во координација со Министерството за надворешни работи би се дискутирале на наредната седница на Мешовитата македонско-баварска меѓувладина комисија.

**Точка 25**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за локална самоуправа (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за образование и наука.

**Точка 27**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Државната изборна комисија (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за труд и социјална политика (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2017 година, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство, трговија и услуги „МХИ Тополки“ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Совет за соработка помеѓу Владата на Република Македонија и граѓанскиот сектор (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата го донесе Решението за изменување на Решението за именување на претседател, членови и секретар на Комисијата за гранични премини на Република Македонија со Република Албанија, Република Бугарија, Република Грција, Република Косово и Република Србија (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 33

Владата го донесе новиот текст на Решението за именување претседател, национално контакт лице, членови и секретар на Националната комисија за мало и лесно оружје, во предложениот текст.

## Точка 34

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Кочани до Уставниот суд на Република Македонија за поведување на постапка за оценување на уставноста на дел од член 198-а став 2 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 187/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015, 192/2015 и 39/2016) и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 180 став (8) од Законот за животна средина, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина го утврдува начинот на плаќање на надоместокот за моторни возила и пловни објекти.

Согласно став (7) од истиот член јасно е наведено дека сопственикот на моторно возило или пловен објект го уплаќа надоместокот на сметка на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина при регистрацијата на возилото. Ова укажува на фактот дека обврската за плаќање на надоместокот настанува и се реализира во постапката на регистрацијата на возилото или пловниот објект што се спроведува од страна на правно лице за вршење на технички преглед на возилото односно правно лице надлежно за регистрација на пловниот објект.

Законодавецот со утврдување на правна основа за уредување на начинот на плаќање на надоместокот со посебен правилник имал за цел да се усогласи со воспоставената пракса каде сопствениците на моторните возила и пловните објекти целата уплата поврзана со регистрацијата на моторните возила и пловни објекти, вклучувајќи ги и давачките по однос на патишта и животна средина, ја вршат на сметка на правното лице кое врши технички преглед на моторното возило, односно врши регистрација на пловниот објект. Овие правни лица потоа уплатените средства ги плаќаат на сметка на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, односно Министерството за животна средина и просторно планирање.

Со утврдената обврска во член 198-а став (2) од Законот за животна средина (во понатамошниот текст: Законот) законодавецот имал намера да го санкционира однесувањето на правните лица кои вршат технички преглед на моторните возила односно вршат регистрација на пловниот објект да го наплатат надоместокот од сопствениците на моторните возила односно пловните објекти, а при тоа истиот да не го задржат за себе целосно или делумно туку да го уплатат во целост на сметка на Министерсвото за животна средина и просторно планирање. Оттука согласно став (1) од член 198-а, Државниот инспектор за животна средина има надлежност да врши надзор над пресметаниот и уплатениот надоместок од член 180 од Законот за животна средина, со што јасно се утврдува дека надзорот не се врши на плаќањето на надоместокот генерално туку само на уплатениот надоместок.

Законодавецот јасно ја определил обврската за плаќање на надоместокот да биде кај сопственикот на моторното возило и пловниот објект, при што начинот на кој ќе се плаќа истиот се уредува со член 180 став (8) од законот. Согласно ова, законодавецот во член 198-а став (2) од Законот определил надзорот државниот инспектор да го врши врз основа на сите одредби од член 180 од Законот, со што имал за цел инспекторот во надзорот да го земе во предвид и начинот на плаќањето на надоместокот уреден со став (8) од член 180 од Законот.

Во текстот на Законот за животнате средина се оперира со називот „обврзник за плаќање на надоместок", а со членот 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр.187/2013), е изменет членот 180 од Законот, со членот 6 од истиот закон е избришан членот 180 - а, меѓутоа од оспорениот член 198 - а е избришан само ставот (3), а не и став (2) се укажува дека е направен технички пропуст во делот на обврска за овластеното лице во правното лице. Поточно со оспорениот дел од законските одредби законодавецот немал интенција да ги злоупотреби или ограничи правата пропишувајќи обврска за конкретните субјекти и во ниту еден момент не ја загрозил уставната гаранција на владеењето на правото.

Имено, со влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр.187/2013), бил изменет членот 180, престанале да важат одредбите на член 180- а и член 198 - а став (3), меѓутоа не и ставот (2) од членот 198 - а, кој исто така би требало да биде предмет на номотехничко усогласување, што не претставува суштинска неусогласеност на Законот.

Имајќи го предвид сето горенаведено се смета дека од содржината на одредбите на член 180 и 198 - а од Законот за животната средина, произлегува дека истите претставуваат логична целина, така што терминолошката неусогласеност на делот „овластеното правно лице за вршење на технички преглед во постапката на регистрација на возило, односно правното лице надлежно за регистрација на возило, односно правното лице надлежно за регистрација на пловниот објект да го уплати надоместокот" од членот 198 - а од Законот за животната средина, би можело да се надмине со изменување на Законот за животната средина.

Врз основа на претходно изнесеното Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да ја отфрли Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на дел од член 198-а став 2 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 187/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015, 192/2015 и 39/2016), поднесена од Игорчо Точев од Кочани како неоснована.

## Точка 35

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Кочани до Уставниот суд на Република Македонија за поведување на постапка за оценување на уставноста на делот „финансиски извештаи" од член 29 став 1 точка 2, член 31 став 2 точка 1 и член 50 став 2 и 4, како и делот „финансиската состојба и работењето" од членот 50 став 2 точка 4 од Законот за вонсудско спогодување („Службен весник на Република Македонија" број 12/2014) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата од подносителот Игорчо Точев од Кочани поднесена до Уставниот суд (У.бр. 77/2017), се бара поведување постапка за оценување на уставноста на делот „финансиски извештаи“ од членот 29 став 1 точка 2, член 31 став 2 точка 1 и член 50 став 2 и 4 од Законот за вонсудско спогодување („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2014).

Основот за поведување на оваа иницијатива произлегува од донесената Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр. 114/2016 од 12.7.2017 година, со која се укинати членот 2 и членот 28 од Законот за вонсудско спогодување, при што во наведениот член 28 во точката 1) од предметниот закон, во набројувањето на документи вклучени во документот „Извештај за финансиската состојба и работењето на должникот“ (прецизиран во пет точки), наведени се „финансиски извештаи“, кои треба да бидат изготвени согласно Законот за сметководство. Законот за сметководство е пропис кој престанал да важи сметано од 26.07.2002 година, кога влегол на сила Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/2002). Оттука, со укинувањето на член 28 е избришано дефинирањето по кој пропис се изготвуваат „финансиските извештаи“, кои пак се спомнуваат во сите членови во предметниот закон за кои се бара преиспитување на уставноста.

Со оглед дека предметната одлука на Уставниот суд е донесена на 12.07.2017 година при што Уставниот суд на Република Македонија согласно член 14 став 2 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија не ги земал предвид правните импликации од укинувањето на предметните членови по однос на останатите одредби од Законот се укажува дека рецидивот на правните поими кои се истанати во Законот и кој фактички е неприменлив по својот карактер не претставуваат директна повреда на принципот на владеење на правото согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија.

Во поглед на надминувањето на правната празнина настаната по донесената одлука, се укажува дека во рамки на ИПА проектот „Зајакнување на административните капацитети за имплементација на законската рамка за стечај и ликвидација„ кој веќе една година се реализира во Министерството за економија (во Одделението за стечај и приватизација, задолжено меѓу другото и за предметниот закон), во рамките на дебатите и тркалезните маси беа формулирани заклучоци за законската регулатива во оваа област, кои ќе бидат основа за измена на Законот за стечај/ или донесување на нов закон за стечај, во рамки на кој ќе се преиспита можноста за вградување на дел од одредбите на Законот за вонсудско спогодување, при што не е исклучена и можноста за укинување на предметниот закон, доколку концептот на новата регулатива во оваа област, го наложува тоа.

Согласно претходно наведеното, Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да ја отфрли предметната иницијатива.

**<u>Точка 36</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Кочани, до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.79/2017, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 27 став 2 точка 2, член 49 став 2 точка 1 и член 50 ставови 1 и 2 точка

1 алинеја 1 од Законот за вонсудско спогодување („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/2014) и притоа го утврди следново мислење:

Со Иницијативата од подносителот Игорчо Точев од Кочани, до Уставниот суд на Република Македонија (У.бр.79/2017), се бара поведување постапка за оценување на уставноста на делот „извештајот за финансиска состојба и работењето на должникот“ од член 27 став 2 точка 2, член 49 став 2 точка 1 и член 50 став 1 алинеја 1, како и член 50 став 2 точка 1 од Законот за вонсудско спогодување („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/2014).

Основот за поведување на оваа иницијатива произлегува од донесената Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр. 114/2016 од 12.07.2017 година, со која се укинати членот 2 и членот 28 од Законот за вонсудско спогодување, при што во наведениот член 28 од предметниот Закон е наведена содржината на документот „извештај за финансиската состојба и работењето на должникот“, прецизиран во пет точки. Оттука, со укинувањето на овој член е избришана дефиницијата на самиот поим „Извештај за финансиската состојба и работењето на должникот“, кој пак се спомнува во сите членови од предметниот Закон за кои се бара преиспитување на уставноста. Односно, со бришењето на членот 28 веќе нема објаснување во целиот Закон што подразбира овој документ и што истиот содржи, а истовремено документот се спомнува во повеќе членови од Законот.

Имајќи предвид дека предметната Одлука на Уставниот суд на Република Македонија е донесена на 12.07.2017 година, при што Уставниот суд согласно член 14 став 2 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, не ги земал предвид правните импликации од укинувањето на предметните членови по однос на останатите одредби од Законот, се укажува дека рецидивот на правниот поим кој е останат во Законот и кој фактички е неприменлив по својот карактер не претставува директна повреда на принципот на владеење на правото, согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија.

Во поглед на надминувањето на правната празнина настаната по донесената Одлука, се укажува дека во рамки на ИПА проектот „Зајакнување на административните капацитети за имплементација на законската рамка за стечај и ликвидација“, кој веќе една година се реализира во Министерството за економија (во одделението за стечај и приватизација, задолжено меѓу другото и за предметниот Закон), во рамки на дебатите и округлите маси, беа формулирани заклучоци за законската регулатива во оваа област, кои ќе бидат основа за измена на Законот за стечај/ или донесување на нов Закон за стечај, во рамки на кој ќе се преиспита можноста за вградување на дел од одредбите на Законот за вонсудско спогодување, при што не е исклучена можноста за укинување на предметниот Закон, доколку концептот на новата регулатива во оваа област го наложува истото.

По однос на неприменливоста на поимот „извештај за финансиската состојба и работењето на должникот“, односно неговите деривати, веќе е поднесена Иницијатива У.бр.77/2017, а Уставниот суд на Република Македонија би требало предметните иницијативи да ги разгледува како единствен предмет со оглед на содржината на прашањата кои се предочени во предметните иницијативи.

Согласно претходно наведеното, Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија, да ја отфрли предметната Иницијатива.

## Точка 37

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У. бр. 78/17, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 43 во делот „Државната“ од Законот за Државен пазарен инспекторат („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/2007, 81/2007, 36/2011, 18/2013, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 61/2015, 152/2015 и 53/20160 и притоа го утврди следното мислење:

Со поднесената Иницијатива подносителот му предлага на Уставниот суд да поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на делот „Државната” од членот 43 од Законот за Државен пазарен инспекторат („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/2007, 81/2007, 36/2011, 18/2013, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 61/2015, 152/2015 и 53/2016).

Имено подносителот на Иницијативата образложува дека според членот 43 од Законот за Државен пазарен инспекторат е определено дека со денот на влегување во сила на овој закон, престанува да важи Законот за Државната пазарна инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/1997, 23/1999, 7/2002 и 20/2002), а во правниот промет пред влегувањето во сила на Законот за Државен пазарен инспекторат, евидирал пропис под името „Закон за пазарната инспекција“ кој во основната форма бил објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.35/1997, а не пропис под името „Закон за државната пазарна инспекција“, што било во спротивност со член 8, став 1, алинеја 3 и член 51 од Уставот на Република Македонија.
Согласно член 1 од Законот за измена и дополнување на Законот за пазарната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/2002) насловот на Законот се менува и гласи: „Закон за државната пазарна инспекција“.

Согласно член 43 од Законот за Државен пазарен инспекторат („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/2007, 81/2007, 36/2011, 18/2013, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 61/2015, 152/2015 и 53/2016) со денот на влегување во сила на овој закон, престанува да важи Законот за Државната пазарна инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/1997, 23/1999, 7/2002 и 20/2002).

Во оваа смисла укажуваме дека подносителот не јаземал предвид содржината на сите измени на Законот за државната пазарна инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/1997, 23/1999, 7/2002 и 20/2002), ова дотолку повеќе што во Законот за државната пазарна инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/02) е објавена исправката на Законот, а не и негова измена.

Имајќи го предвид горенаведеното Владата на Република Македонија смета дека наводите во Иницијативата кои го оспоруваат делот „Државната” од член 43 од Законот за Државен пазарен инспекторат („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/2007, 81/2007, 36/2011, 18/2013, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 61/2015, 152/2015 и 53/2016) се неосновани и беспредметни и му предлага на Уставниот суд на Република Македонија Иницијативата да ја отфрли како неоснована.

## Точка 38

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Здружението за посредување во медијација и медијатори, МЕДИЈАТОР РС - Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.85/2017, за поведување на постапка за оценување на уставноста на членовите: 46, 47, 48, 49, 50, 51, 54, 55 и 56 од Законот за медијација („Службен весник на Република Македонија“ бр.188/2013, 148/2015, 192/2015 и 55/2016) и притоа го утврди следново мислење:

Законот за медијација е изготвен според европскиот модел кој предвидува и обезбедува поекономична, побрза и поефикасна постапка, до која страните имаат лесен пристап и во која се гарантира правично постапување, неутралност, непристрасност и доверливост.

Овие карактеристики го чинат Законот флексибилен како успешен модел за решавање на спорови и олеснување на судството со растеретување од предметите кои доведуваат до неажурност и неефикасност на судските постапки.

Согласно член 8 став 1 алинеја 1 и алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, како темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот и владеењето на правото.

Според член 9 од Уставот на Република Македонија, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Според член 50 од Уставот на Република Македонија, секој граѓанин може да се повика на заштитата на слободите и правата утврдени со Уставот пред судовите и пред Уставниот суд на Република Македонија во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност. Се гарантира судска заштита на законитоста на поединечните прани акти на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања. Граѓанинот има право да биде запознат со човековите права и основни слободи и активно да придонесува, поединечно или заедно со други за нивно унапредување и заштита.

Во член 51 од Уставот на Република Македонија е утврдено дека во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Според член 54 од Уставот на Република Македонија, слободите и правата на човекот и граѓанинот може да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот, законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните. Слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да бидат ограничени за време на воена или вонредна состојба според одредбите на Уставот. Ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло имотна или општествена положба. Ограничувањето на слободите и правата не може да се однесува на правото на живот, забрана за мачење, нечовечко и понижувачко постапување и казнување, правната одреденост на казнивите дела и казните, како и на слободата на уверувањето, совеста, мислата, јавното изразување на мислата и вероисповеста.

Според член 110 од Уставот на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија одлучува за согласноста на законите со Уставот, одлучува за согласноста на другите прописи и на колективните договори со уставот и законите, ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забрана на дикриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност, решава за судирот на надлежностите меѓу носителите на законодавната, извршната и судската власт, решава за судирот на надлежностите меѓу органите на Републиката и единиците на локалната самоуправа, одлучува за одговорноста на претседателот на Републиката, одлучува за уставноста на програмите и статутите на политичките партии и на здруженијата на граѓаните и одлучува и за други прашања утврдени со Уставот.

Наводите на подносителот на Иницијативата дека членот 54 од Законот за медијација кој се однесува на условите за акредитација и програма за обука на медијатори, а посебно ставот (3) со кој се пропишува дека условите за акредитација на програмите за обука на медијатори и кругот на лицата кои можат до Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата да поднесат барање за акредиција на програми ги утврдува Одборот, се во директна спротивност со членот 54 од Уставот на Република Македонија, односно дека со оваа одредба не можат да се остварат правата и гаранциите на основните слободи и права содржани во Уставот на Република Македонија односно дека не е можно со закон одредена институција да ги ограничува или пропишува правата на човекот и граѓанинот што произлегуваат од самата уставна категорија еднаквост на сите граѓани пред институциите на системот и дека не е можно Одборот да одлучува кој ќе остварува некое право, а кој не по свое слободно убедување и одлучување, а да не се пропишани критериуми утврдени со закон, што било во директна спротивност и со член 50 од Уставот на Република Македонија, бидејќи за одлуките на Одборот не е предвидена никаква правна заштита, се неосновани од следните причини:

Со членот 54 од Законот за медијација кој се однесува на условите за акредитација на програма за обука на медијатори, во став (1) се пропишува дека Обуката на медијатори се врши според акредитирани програми за обука на медијатори. Според став (2) од истиот член, акредитација се издава на програми кои ќе ги исполнат условите за акредитација на програмите за обука на медијатори. Според став (3) од истиот член, условите за акредитација на програмите за обука на медијатори и кругот на лицата кои можат до Одборот да поднесат барање за акредитација на програми ги утврдува Одборот. Според став (4) од истиот член, издадената акредитацијата може да се продолжи или одземе во зависност од резултатите од евалуацијата на квалитетот на спроведувањето на акредитираните програми за обука на медијатори. Според став (5) од истиот член, евалуацијата на квалитетот на спроведувањето на акредитираните програми за обука на медијатори ја врши Одборот најмалку еднаш во пет години согласно со методологијата и постапката за вршење на мониторинг и евалуација на квалитетот на спроведувањето на акредитираните програми за обука на медијатори.

Од горенаведеното, овој член е во согласност со наведените одредби од Уставот на Република Македонија и со член 8 став 1 алинеите 1 и 3 од Уставот на Република Македонија, од причина што со истиот се пропишува дека обуките кои ги посетуваат медијаторите се вршат според акредитирани програми, потоа дека акредитацијата ќе се издава на програми кои ќе ги исполнат условите за акредитација на програмите за обука

на медијатори и кои ги утврдува условите за акредитација на програмите и кругот на лицата кои до Одборот можат да поднесат програми за акредитација, потоа се пропишува продолжувањето или одземањето на издадената акредитација и кој ја врши евалуацијата на квалитетот на спроведувањето на акредитираните програми за обука на медијатори, односно со овие одредби не се задира во правата и гаранциите на основните слободи и права содржани во Уставот на Република Македонија ниту ги ограничува или пропишува правата на човекот и граѓанинот, затоа што овие одредби се однесуваат на лица кои треба да исполнат определени услови определени од Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата, како надлежен орган за акредитација на програмите за обука на медијатори и за евалуација на квалитетот на спроведувањето на акредитираните програми, а се со цел за подигнување на квалитетот на лицата кои ќе се пријават на обуки за медијатори.

Според член 55 став (1) од Законот за медијација, лицата на кои им е издадена лиценца за обучувач се запишуваат во Регистарот на обучувачи на медијатори. Според став (2) од истиот член, програмите за обука на медијатори на кои им е издадена акредитација се запишуваат во Регистарот на акредитирани програми за обука на медијатори. Според став (3) од истиот член, лицата, односно програмите на кои им е одземена лиценцата, односно акредитацијата се бришат од соодветниот регистар. Според став (4) од истиот член, Регистарот на обучувачи на медијатори и Регистарот на акредитирани програми за обука на медијатори ги води Одборот.

Неосновани се наводите на подносителот на Иницијативата дека овој член е во спротивност на членовите 50, 51 и 54 од Уставот на Република Македонија, затоа што надлежностите од овој член му припаѓале на Министерството за образование и наука, односно Министерството за образование и наука врши акредитација на Програми на основни, средни и високо образовни институции кои имааат намера да вршат или вршат образовна дејност. Од овие причини не е во надлежност на Министерството за образование и наука да акредитира програми на лица кои ќе ги достават до Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на медијацијата, од причина што се работи за специфична област, за која на Одборот согласно член 59 од Законот за медијација како надлежен орган за акредитација и следење и евалуација на спроведувањето на Програмите за обука на медијатори, му припаѓа оваа надлежност.

Неосновани се и наводите на подносителот дека член 56 од Законот за медијација е во спротивност на членовите 50, 51 и 54 од Уставот на Република Македонија, затоа што не постоеле правила и критериуми врз основа на кои се стекнува право особено не била утврдена надлежноста кое министерство е надлежно за спроведување на постапка за акредитација на програми, поради што се утврдувала двојна надлежност и двојно законодавство кое било во колизија едно со друго, од причина што не постои надлежност на друг орган или министерство за акредитација на програми за обука на медијатори, а со член 59 од Законот за медијација јасно се пропишани надлежностите на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на медијаторите.

Неосновани се и наводите на подносителот на Иницијативата дека член 56 од Законот за медијација е во спротивност со членовите 50, 51 и 54 од Уставот на Република Македонија, од причина што не постоеле критериуми врз основа на кои надлежниот орган би им гарантирал на субјектите еднаквост пред институциите и правниот систем односно подносителот наведува дека се поставувало прашање дали постоењето на Одборот било во согласност со Уставот и законите на Република Македонија бидејќи истите

надлежности ги имал и Управниот одбор на Комората на медијатори и Надзорниот одбор на Комората на медијатори и работите на ова тело навлегувале во делокругот на работите на Управниот и Надзорниот одбор на Комората на медијатори. Ваквите наводи се неосновани од причина што со Законот за медијација јасно се рагграничени надлежностите на Одборот како тело кое е надлежно за следење на работите на медијација, од надлежностите на Управниот одбор и Надзорниот одбор на Комората на медијатори чии што надлежности се поврзани со функционирањето на Комората на медијатори.

Наводите на подносителот на Иницијативата дека одредбите од членовите 46, 47, 48, 49, 50 и 51 од Законот за медијација се во директна спротивност со членовите 50, 51 и 54 од Уставот на Република Македонија, бидејќи медијацијата е вештина, а не стручна оспособеност поради што сосема е непотребно и противуставно воведување на испит за медијатори се неосновани од причина што право на законодавецот е дали ќе пропише или не испит со цел оценување на квалитетите на кандидатите и нивната стручна способност во конкретниот случај за спроведување на медијации. Од тие причини само посетување на обука не е доказ дека кандидатот е интелектуално способен да спроведува медијации, а испитот е проверка и оценка на личните интелектуални капацитети на лицата кои сакаат да бидат идни медијатори односно со првиот дел се проверува теоретското знаење, со вториот дел од испитот се проверува способноста за спроведување на процес на медијација во практиката и со третиот дел од испитот се оценуваат личните особини и карактеристики и практичните вештини, способности и знаења за медијација. Воедно испитот се спроведува според Програма која ја донесува министерот за правда, а која опфаќа прашања од сферата на знаење за медијација, вештини на медијаторот, градење на добри односи, мотивирање на учесниците за процесот на медијација, реализирање на комуникацијата меѓу учесниците, регулирање на процесот на медијација и разбирање со содржината на конфликтното прашање.

Од горенаведеното, испитот за медијатор не е посебен стручен испит односно со испитот се проверуваат теоретските познавања и практичните вештини на медијацијата пред Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата, кој пак е составен од професори, медијатори, социолози, психолози, како што е уредено со член 57 од Законот за медијација и кој евалуацијата на квалитетот на работењето на медијаторите ја врши најмалку еднаш во пет години согласно со методологијата и постапката за вршење на мониторинг и евалуација на квалитетот на работењето на медијаторите.

Испитот за медијатор има големо значење пред се заради проценка на квалитетот на личноста и интелектуалните способности на идниот медијатор, поради улогата и одговорноста која ја има медијаторот при вршење на медијации, пред се од причина што медијацијата се спроведува во особено чувствителни сфери односно се применува во имотно-правни, семејни, работни, трговски, потрошувачки, осигурителни спорови, спорови од областа на образованието, заштитата на животната средина, спорови во врска со дискриминацијата, како во други спорни односи каде што медијацијата одговара на природата на спорните односи и може да помогне за нивно разрешување, како и во кривични спорови, доколку со посебен закон не е исклучена нејзината примена, поради што се воспоставува целосно нов концепт на лица кои можат да бидат медијатори. Со креираниот систем на лиценцирање на медијаторите, лиценцата се издава само на лицата со положен испит за медијатор кои ги исполнуваат и другите законски услови, а воведен е и психолошки тест и тест на интегритет со цел да се спречи влез на лица кои

не поседуваат основни карактеристики за медијатор и неможат да ја стекнат довербата на страните, што е клучно за медијацијата гледана во целина. Лиценцата е со ограничена важност од пет години и подлежи на систем на обнова, со што условите постојано треба да бидат исполнети.

Предвиденото законско решение има за цел унапредување и развивање на медијацијата, имајќи ја предвид определбата на државата за унапредување и успешно функционирање на медијацијата, кое ќе се спроведе пред се со одговорната улога од страна на лиценцираните медијатори кои поседуваат вештини за препознавање, спроведување на медијации и решавање на конфликтни ситуации помеѓу две страни по мирен пат.

Притоа да се има превид дека со Законот за медијација е извршено усогласување на националното законодавство со правото на Европската Унија, односно со Директивата 2008/52/ЕЗ на Европскиот парламент и Советот од 21 мај 2008 година во врска со одредени аспекти на медијација во граѓански и трговски прашања.

Од горенаведеното, се воведува еден целосно нов концепт за медијатори, преку спроведувањето на обука на медијатори, полагање на испит за медијатори и добивањето на лиценца за вршење на медијаторски работи, со цел да се влијае на зголемувањето на квалитетот, капацитетите за работа и професионалноста на медијаторите, а заради успешно спроведување на обуките се предвидува и формирање и водење на Регистар на обучувачи и Регистар на акредитирани програми за обука на медијатори од страна на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работата на медијаторите.

Подносителот на Иницијативата предлага Уставниот суд на Република Македонија да донесе времена мерка со која времено ќе се забрани примената на членовите 54, 55, 56, 46, 47, 48, 49, 50 и 51 од Законот за медијација, предлог кој е неоснован, од причина што Законот за медијација има за цел креирање на функционален систем на медијација во правниот систем на Република Македонија кој во целост ќе биде во духот на стремежот на приближување на земјата кон Европската Унија, која пак во ситуација на разрешување на конфликтни и спорни ситуации, акцентот го става на алтернативното решавање на споровите, а еден од нив е и медијацијата. Од горенаведеното, подносителот на Иницијативата не наведува ниту една конкретна причина за донесување на времена мерка, односно какви штетни последици би биле предизвикани на граѓаните на Република Македонија.

Имајќи го предвид наведеното, се смета дека оспорените одредби од Законот за медијација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 188/2013, 148/2015, 192/2015 и 55/2016), се во согласност со член 8 став 1 алинеи 1 и 3, член 9, член 50, член 51, член 54 и член 110 од Уставот на Република Македонија, поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати предметната Иницијатива и да донесе Решение со кое се одбива како неоснован предлогот за донесување решение за изрекување на времена мерка.

## Точка 39

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Македонија за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 34 од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република

Македонија“ бр.196/2015), поднесена од адвокат Бојан Лалиќ од Скопје и притоа го утврди следното мислење:

Предлагачот во доставената Иницијатива го оспорува член 34 од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 196/2015).

Имено, членот 34 од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик гласи:

„По членот 78 се додава нов наслов и нов член 78-а, кој гласи:

Рекламни паноа и билборди

Член 78-а

(1) Дозволено е политичко рекламирање на рекламните паноа и билборди.

(2) Максималниот број на рекламни паноа и билборди од ставот (1) на овој член кои може да се користат за политичко рекламирање изнесува 50% од вкупниот број на територијата на определена општина, градот Скопје, односно на територијата на кое определено правно лице стопанисува со истите.

(3) Политичките партии имаат право на закуп за политичко рекламирање на рекламните паноа и билборди на транспарентен и недискриминаторски начин согласно следните критериуми:
- 40% од вкупниот број се достапни на партиите на власта;
- 40% од вкупниот број се достапни на партиите во опозицијата;
-10% од вкупниот број се достапни на парламентарните партии кои немаат пратенички групи во Собранието на Република Македонија и
- 10% од вкупниот број се достапни на вонпарламентарните партии во Република Македонија.

(4) Општините во Република Македонија, градот Скопје и правните лица кои стопанисуваат со рекламните паноа и билборди се должни во рок од 5 дена од денот на распишување на изборите јавно да ги објават локациите и цените за закуп на рекламните паноа и билборди. Цената не смее да се менува за време на изборниот процес и истата не смее да биде поголема од просечната цена за закуп пресметана во последните 3 месеци пред денот на распишување на изборите.

(5) Општините во Република Македонија, градот Скопје и правните лица кои стопанисуваат со рекламните паноа и билборди се должни локациите кои се нудат за политичко рекламирање да ги распоредат согласно критериумите од ставот (3) од овој член по пат на ждрепка.

(6) Ждрепката од ставот (5) на овој член ја спроведува Државната изборна комисија на Република Македонија.

(7) Доколку некоја политичка партија или коалиција не го искористи вкупниот процент за закуп на рекламни паноа и билборди или извлечените локации, останатите политички партии имаат право на закуп на истите.

Во Иницијативата предлагачот наведува дека членот 34 од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 196/2015), не е во согласност со член 9, член 16, член 30, член 55 од Уставот на Република Македонија.

Истовремено подносителот на Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 34 од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 196/2015), предлага на Уставниот суд на Република Македонија да се донесе решение за поништување/укинување на наведениот член од законот.

* * *

Во член 9 од Уставот на Република Македонија уредено е дека граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.

Согласно член 16 од Уставот на Република Македонија е уредено дека се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање. Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации. Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на заштита на изворот на информацијата во средствата за јавно информирање. Цензурата е забранета.

Согласно член 30 од Уставот на Република Македонија, се гарантира правото на сопственост и правото на наследување. Сопственоста создава права и обврски и треба да служи за добро на поединецот и на заедницата. Никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон. Во случај на експропријација на сопственоста или во случај на ограничување на сопственоста се гарантира праведен надомест кој не може да биде понизок од пазарната вредност.

Членот 55 од Уставот на Република Македонија предвидува дека се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото. Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот.

Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.

* * *

Согласно член 80 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија “ бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015 и 226/2015), урбана опрема се поставува на јавни површини кои претставуваат градежно изградено и уредено земјиште без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот. Потребата за поставување на урбана опрема ја утврдува советот на општината, советите на општините во градот Скопје и Советот на градот Скопје. Урбана опрема се поставува по добиено одобрение за поставување на урбана опрема, кое го издава градоначалникот на општината, градоначалниците на општините во градот Скопје и градоначалникот на градот Скопје.

Согласно член 80-а од Законот за градење, за поставување на урбана опрема советот на општината, советите на општините во градот Скопје и Советот на градот Скопје донесуваат програма со која се утврдува бројот, видот и големината на урбаната опрема, како и локациите и објектите на кои може да се постави истата. Советите на општините во градот Скопје, програмата од ставот (1) на овој член ја донесуваат по претходно позитивно мислење од градот Скопје.

* * *

Важно е да се нагласи дека изменувањата и дополнувањата на Изборниот законик во ноември 2015 година се донесоа со консензус помеѓу сите политички партии во Република Македонија. Во таа насока одредбите внесени во овој законик се предмет на договор помеѓу политичките партии првенствено во насока на обезбедување на фер изборен циклус со рамноправност на сите страни вклучени во истиот и исполнување на препораките кои се дел од релевантни меѓународни доументи, како и препораките за Република Македонија дадени од меѓународни институции како Европска комисија, Совет на Европа и ОБСЕ/ОДИХР во однос на спроведување на изборни процеси.

Врз основа на изнесеното, Уставниот суд на Република Македонија при утврдување на основаноста на Иницијативата треба да ги земе предвид наведените аргументи првенствено поради моменталната ситуација во Република Македонија и да се изнајде најсоодветно решение за надминување на истата.

## Точка 40

Владата ја разгледа Понудата за продажба на идеален дел од недвижен имот запишан во Имотен лист бр.94495 за КО Ѓорче Петров 3-Дексион, КП бр.3836/2 (зпз 1), КП бр.3836/2 (н), КП бр. 3837/2 и КП бр.3837/3 и Имотен лист бр.95349 за КО Ѓорче Петров 3-Дексион, КП бр.3836/3 и КП бр. 3837/4, доставена од нотар Махир Зибери од Скопје и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 41

Владата ја разгледа Понудата од нотар Николче Павловски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.7066 за КО Ресен на КП бр.3583 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 42

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.5602 за КО Бутел на КП бр.4533/2 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 43

Владата го разгледа Известувањето од извршител Снежана Андреевска за Заклучок за прва усна јавна продажба на недвижност со И.бр. 1553/14 од 29.6.2017 година, идеален дел запишан во Имотен лист бр.391 за КО Карпош, КП 2085 и по Известувањето го усвои негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски и Мислењето на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

## Точка 44

Владата ги разгледа Записникот за продажба на недвижност со усно јавно наддавање (врз основа на член 186 став (4) од Законот за извршување) под И.бр.1093/14 од 13.09.2017 година и Заклучокот за усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување) под И.бр. 1093/14 од 19.09.2017 година, доставена од извршител Крум Коцарев и по истите ги усвои известувањата на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 45

Владата го разгледа предлогот за именување Јавен обвинител на Република Македонија и согласно член 40 став 1 и член 41 став 4 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на Република Македонија“, бр. 150/2007 и 111/2008), заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија за Јавен обвинител на Република Македонија да го именува Љубомир Јовески, член на Советот на јавните обвинители на Република Македонија.

За претставници на Владата во Собранието се определени Билен Саљији, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда.

## Точка 46

**1.** Министерот за правда, Билен Саљији ги информираше членовите на Владата со барањето на претседателот на Основниот суд Скопје II за давање на одобрение и предвидување на финансиски средства за 25 вработувања во оваа институција од страна на Министерството за финансии за 2018 година.

**2.** Владата во врска со Годишниот извештај на Народниот правобранител на Република Македонија, Иџет Мемети за состојбата со човековите права во Македонија во 2016 година, кој е доставен до Собранието на Република Македонија, се обврзува посветено да работи на унапредување на состојбите со човековите права во интерес на сите граѓани на Република Македонија и по доставените препораки од Народниот правобранител на

Република Македонија, Владата ќе преземе активности за нивно спроведување, согласно Законот за Народниот правобранител.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 30.10.2017 до 04.11.2017 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и до Собранието на Република Македонија.

## Точка 47

Владата ја разгледа Информацијата за одржаниот Тринаесетти состанок на Советот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската Унија, Брисел, 18 јули 2017 година, како материјал за информирање.

## Точка 48

Владата го разгледа најновиот текст на Извештајот за реализација на Програмата за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката за период 2013-2017 година, за 2016 година, како материјал за информирање.

## Точка 49

Владата ја разгледа Информацијата за ИПА повеќе - корисничката програма за 2017 година, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Секретаријатот за европски прашања да подготви и до крајот на ноември 2017 година до Владата да достави информација со мерки за зголемување на искористеноста на ИПА повеќе - корисничката програма за 2017 година од страна на Република Македонија, со предлози, инструменти и мерки за зголемување на искористеноста на ИПА програмите.

## Точка 50

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за прогресот на активностите во реализацијата на проектот „Е-аукции - продажба на запленета стока за наплата на даночни долгови во првото полугодие на 2017 година“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Управата за јавни приходи да ја разгледаат можноста за соодветни измени на Законот за даночна постапка, во делот за Е-аукции и огласите наместо да се објавуваат во две јавни гласила, да се објавуваат на веб страницата на Управата за јавни приходи, поради поголема ефикасност во намалувањето на фискалните импликации за истите.

2. Заклучокот бр. 1 донесен на 50-та седница на Владата на Република Македонија, точка 5, одржана на 13.03.2012 година, да се измени и да гласи:

„ 1. Се задолжува Управата за јавни приходи, аукциите за продажба да ги организира еднаш месечно“.

**Точка 51**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈП „Стрежево“ - Битола, во периодот од 01.01.2017 до 31.03.2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 52**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈП „Стрежево“ Битола, во периодот од 01.04.2017 до 30.06.2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 53**

Владата го разгледа Извештајот за материјално - финансиското работење на ЈП за водоснабдување Студенчица - Кичево за вториот квартал во 2017 година, согласно член 5 став 3 од Законот за јавните претпријатија, со дополнувањето кон него, како материјал за информирање.

**Точка 54**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за прогресот на преземените активности во спроведувањето на Акцискиот план по Извештајот на независниот ревизор за 2015 година на ЈП „Македонски шуми” п.о. - Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 55**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ-Скопје за период од 01.04.2017 година до 30.06.2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 56**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ-Скопје за период од 01.01.2017 година до 31.03.2017 година (нов текст), како материјал за информирање.

**Точка 57**

Владата го разгледа новиот текст на Шестмесечниот извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот јануари-јуни 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 58**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за периодот од 01.01.2017 година до 30.06.2017 година, како материјал за информирање.

## Точка 59

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржување Собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажано за 10.11.2017 година и имајќи го предвид Мислењето на Министерството за финансии ја усвои со следниве заклучоци:

1. Заклучоците од оваа Информација, да се достават до овластеното лице, кое согласно член 392 од Законот за трговските друштва, има својство на полномошник и претставник на акциите на Владата на Република Македонија во друштвото, како инструкција за начинот на гласање на Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажано за 10.11.2017 година, односно да гласа како што е утврдено во третиот заклучок.

2. Генералниот секретаријат на Владата го извести друштвото Тутунски комбинат АД Прилеп за издаденото полномошно на претставникот на своите акции во друштвото.

3. Се одобрува начинот на гласање на Собранието од страна на својот претставник, по наведените точки од дневниот ред и тоа:

ДНЕВЕН РЕД:

Процедурален дел

1. Избор на работни тела на собранието

а) Верификациона комисија од 3 члена

- По оваа точка од Друштвото е доставена Предлог-одлука за избор на верификациона комисија. За оваа точка да гласа „ЗА“.

б) еден бројач на гласови.

- По оваа точка од Друштвото е доставена Предлог-одлука за избор на бројач на гласови. За оваа точка да гласа „ЗА“.

2. Избор на претседавач на собрание на акционери

- Во доставениот материјал за седницата дадена е Одлука за избор на претседавач на Собрание. За оваа точка да гласа „ЗА“.

Работен дел:

1. Одлука за кредитно задолжување и заложување (голема зделка)

- Предлог-одлука за кредитно задолжување и заложување (голема зделка). За оваа точка да гласа: „ЗА, но се задолжува менаџерскиот тим на Друштвото да подготви информација со акциски план на предлог-мерки за намалување на ризикот на кредитирањето и подобрување на економско - финансиската состојба на Друштвото и истата да ја достави до Владата на Република Македонија, во рок од два месеци од датумот на одржувањето на Собранието на акционери.

**Точка 60**

Владата на предлог на м-р Крешник Бектеши, министер за економија, го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со донесување на Програма за изменување на Програма за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи, со Предлог-програма.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од предвидување на средства во Буџетот на Јавно претпријатие за државни патишта за завршување на Договорот за градба број 12-1734/1 од 14.3.2017 година „Рехабилитација на државен пат А1, секција Миладиновци - Куманово (лев коловоз), како дел од Коридор 10“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, доколку се јави потреба, да предвиди во својот буџет потребни средства за 2018 година за завршување на „Рехабилитација на државен пат А1, секција Миладиновци - Куманово (лев коловоз), како дел од Коридор 10“.

2. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, доколку е потребно да ги префрли потребните средства од својот буџет, по добиено барање/инструкција од страна на Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување на договори, во зависност од динамиката на реализација на проектот „Рехабилитација на Државен пат А1, секција Миладиновци - Куманово (лев коловоз), како дел од Коридор 10“.

3. Се задолжува Министерството за финансии - Секторот за централно финансирање и склучување на договори по усвојувањето на Информацијата, по претходно добиена инструкција од Министерството за транспорт и врски и Јавното претпријатие за државни патишта, да му даде инструкции на изведувачот да започне со извршување на дополнителните активностите кои ќе бидат вклучени во Анекс на договорот за градба.

**Точка 62**

Владата во врска со Предлог-одлуките за давање согласност за отстапување на одземени предмети (моторни возила) со правосилни пресуди/одлуки на државни органи и предлог-одлуките за престанување на важењето на одлуките за давање согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети со правосилни пресуди на државни органи, заклучи истите да бидат разгледани на седница на Владата во присуство на директорот на Агенцијата за управување со одземен имот, со цел да се образложи принципот за распределба на возилата, односно дали истите се распределуваат по претходно направена анализа за потребите на државните органи.

**Точка 63**

Владата по Информацијата за изнаоѓање решение за надминување на проблемите со финансиските средства во Друштвото за производство на производи со посебна намена 11 Октомври - Еурокомпозит АД Прилеп, заклучи Министерството за внатрешни работи,

дополнително, во рамките на договорот со Друштвото за производство на производи со посебна намена 11 Октомври - Еурокомпозит АД Прилеп, во државна сопственост, да го реализира Заклучокот од 32 - рата седница на Владата, одржана на 19.10.2017 година, по Информацијата за изнаоѓање на решение за состојбите во Друштвото за производство на производи со посебна намена 11 Октомври - Еурокомпозит АД Прилеп, во државна сопственост, односно финансиски средства во висина од 10.000.000,00 денари да ги префрли на сметка на Друштвото, со цел исплата на една плата на вработените и набавка на минимум репроматеријали.

*

*　　　　*

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 16:10 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**